Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените - ЕСЕ

# ЈАВНИТЕ ИНСТИТУЦИИ ВО РМ ПОВЕЌЕ САКААТ ДА СПРОВЕДУВААТ БИРОКРАТСКИ ПРОЦЕДУРИ И ДА ОДГОВАРААТ НА БАРАЊА ЗА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ, ОТКОЛКУ ИСТИТЕ ИНФОРМАЦИИТЕ ДА ГИ ОБЈАВАТ И ДА Ѝ ГИ СТАВАТ НА РАСПОЛАГАЊЕ НА ЈАВНОСТА

- **Министерството за финансии сите информации што се однесуваат на буџетското и трезорското работење на јавните институции во РМ**, како и други информации поврзани со буџетот на државата, **ги класифицира како информации со соодветен степен на тајност или пак се прогласува за ненадлежно за обезедување на бараните информации. Сите барања што ЕСЕ ги доставува во изминатите пет години во постапката за пристап до информации од јавен карактер, Министерството за финансии ги одбива под образложение дека ја обезбедува тајноста на податоците за трезорските сметки на јавните институции.**

- **Министерството за правда, Институтот за јавно здравје на РМ, Центарот за јавно здравје Скопје и Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер се институции со висок степен на реактивност, но со низок степен на проактивност.** Односно, овие институции се транспарентни само доколку некој побара информација по официјален пат, но се затворени кога станува збор за самостојно објавување на информации поврзани со своето буџетско и програмско работење. **Овие институции се институции што се издвојуваат од останатите и предничат во достигнувањето на статусот на најтранспарентни институции.**

- **Министерството за финансии е оценето како делумно транспарентно во доменот на постапките за слободен пристап до информации од јавен карактер и самостојно објавување на информации за програмското и буџетското работење. Имено, оваа институција објавува онолку документи колку што е потребно за да се задоволат минимални стандарди за проактивност, а во постапка за слободен пристап до информации од јавен карактер ги почитува сите законски пропишани рокови, но не обезбедува ниту еден податок (сите барања ги одбива).**

- **Министерството за здравство е оценето како институција што не објавува информации за своето програмско и буџетско работење и како институција што има низок степен на реактивност.**

Со овој документ го прикажуваме степенот на реактивна и проактивна транспарентност на осум (8) јавни институции. Овој документ дава краток приказ на нивото на отвореност на овие институции за јавноста во постапка за слободен пристап до информации од јавен карактер и во објавувањето на информации за своето буџетско и програмско работење.

## ЛЕГЕНДА

### ЗА МЕРЕЊЕ НА НИВОТО НА РЕАКТИВНА ТРАНСПАРЕНТНОСТ:



## ЛЕГЕНДА
### ЗА МЕРЕЊЕ НА НИВОТО НА ПРОАКТИВНА ТРАНСПАРЕНТНОСТ:




## СУМАРНА ОЦЕНКА
### на степенот на ПРОАКТИВНА ТРАНСПАРЕНТНОСТ по институција

| Име на институција | Оценка на нивото на реактивна транспарентност | Оценка на нивото на проактивна транспарентност |
|---|---|---|
| Министерство за финансии | ★ (жолта) | ★ (жолта) |
| Министерство за здравство | ★ (црвена) | ★ (црвена) |
| Министерство за правда | ★ (зелена) | ★ (црвена) |
| Институт за јавно здравје на РМ | ★ (зелена) | ★ (црвена) |
| Центар за јавно здравје Скопје | ★ (зелена) | ★ (црвена) |
| Центар за јавно здравје Кочани | ★ (црвена) | ★ (црвена) |
| Здравствен дом Скопје | ★ (жолта) | ★ (црвена) |
| Комисија за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер | ★ (зелена) | ★ (црвена) |


Финансиски поддржано од: FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА